**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/8
24.08. 2026 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 274**

**Скопје, 24.08.2026**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, во насловно звање, од научната област: 5.05.00.10 – Економска анализа на правото…………………….........................4791

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА НА ПРАВОТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – АУЕ - ФОН**

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Првиот приватен Универзитет – АУЕ -ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од областа економска анализа на правото, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки и на седницата одржана на 25.05.2026 година, определи Рецензентска комисија, во следниот состав:

- проф. д-р Осман Кадриу - претседател
- проф. д-р Темелко Ристески - член
- проф. д-р Сејдефа Џафче - член

Рецензентската комисија по прегледување на доставената документација го донесе следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс во дневниот весникот „Нова Македонија" на ден 09.04.2026 година, за избор на наставник во сите насловни звања, од научната област: Економска анализа на правото, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат:

- д-р Емрах Михтароски.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидидатот д-р Емрах Михтароски е роден на 21.05.1988 година. Во 2010 година дипломира на Факултет за правни науки Скопје при Првиот приватен универзитет ФОН, со просек 8.03 и се стекнува со звањето дипломиран правник.

Во 2012 успешно ги заврши специјалистичките студии на втор циклус на студиската програма Правосудни студии и се стекна со звање Правник специјалист по правосудство, на Факултет за правни науки Скопје при Првиот приватен универзитет ФОН, со просек 9,75.

Магистрирал во 2014 на Факултет за правни науки Скопје при Првиот приватен универзитет ФОН, на насоката Правосудство, со просек 9,25. Со одбрана на магистерскиот труд се стекнал со стручен назив магистер на правни науки, насока правосудство.

Во 2022 кандидатот д-р Емрах Михтароски на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, со успех ги заврши докторските студии со просек 9,12 и ја одрани својата докторска дисертација под наслов „Создавање на сопственичка структура и положба на малцинските акционери во корпорациите„ со што се стекнува со звање доктор на правни науки по деловно право.

Во 2016 година успешно го положи правосудниот испит.

Во 2023 успешно ја реализираше обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители

Кандидатот д-р Емрах Михтароски повеќе од четиринаесет години професионално работи во области поврзани со примената на правото во управата и правосудството. До 2023 година, кандидатот е избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево. Досега има објавено повеќе десет трудови и публикации во домашни и меѓународни списанија. Активно учествувал на бројни научни собири, конференции, семинари и конгреси во земјава и во странство.

## РАБОТНО И ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО:

- **2012-2018** Министерсто за политички систем и односи меѓу заедниците
- Помлад соработник за планирање и следење
- **2018-2020** – Основен Суд Кичево
- Помлад соработник
- **2020-2023** Академија за обука на судии и јавни обвинители
- Слушател на почетна обука
- **2023-денес** ЈОРМ-Основно Јавно Обвинителство Кичево
- Јавен Обвинител

## ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ:

- SHAREHOLDER DEMOCRACY VIS-À-VIS SHAREHOLDER PARTICIPATION, KNOWLEDGE – International Journal Vol.75.1, Skopje, 2026, View of SHAREHOLDER DEMOCRACY VIS-À-VIS SHAREHOLDER PARTICIPATION (co-author)

- Legal and Theoretical Framework of Property Taxes, VISIONS JOURNAL issue No. 46, Skopje, 2026, VISIONS-46-Academic-and-Scientific-Journal-issue-January 2026 - V5.pdf - Google Drive (co-author)
- EU COMPANY LAW, Centrum no.24, Centre for understanding and institutional cooperation, 2025
- THE RIGHTS OF MINORITY SHAREHOLDERS IN TAKEOVER PROCEDURES OF JOINT-STOCK COMPANIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, VISIONS JOURNAL issue No. 46, Skopje, 2026, VISIONS-46-Academic-and-Scientific-Journal-issue-January 2026 - V5.pdf - Google Drive.
- ENVIRONMENTAL PROTECTION IN THE FUNCTION OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, Knowledge International Journal, no. 67.6, 2024
- Методологија на откривање и докажување на криминалот од омраза; 67. издание на KNOWLEDGE– International Journal, 47-та меѓународна научна конференција, "Знаење без граници", Банско, Бугарија, Декември, 13 -15 2025 г,
- CRIMINAL LEGAL PROTECTION OF PEOPLE'S HEALTH, T Risteski, B Spirkoska, E Mihtaroski - KNOWLEDGE-International Journal, 57.1. 2023,
- ADMINISTRATIVE MEASURES FOR PROTECTION OF LIVING ENVIRONMENT IN THE REPUBLIC MACEDONIA, *European Scientific Journal, ESJ ESJ February 2014 /SPECIAL/ EDITION VOL.2 – 2014*
- The trade union right to organise and its exercise in the Republic of Macedonia. [Special topic :] Trade union weakness and the political role of unions in south-east Europe, 2012, SEER journal for labour and social affairs in Eastern Europe. Brussels : European Trade Union Institute. Vol. 15, no. 3 (2012)
- MARKETING MANAGEMENT AND THE RIGHT TO PERSONAL DIGNITY OF CONSUMERS, KNOWLEDGE –International Journal Vol.20.2 , Bansko, December, 2017,
- ETHICAL EDUCATION OF POLICE OFFICERS IN THE FUNCTION OF THE POLICE SERVICE ROLE IN A DEMOCRATIC SOCIETY, Volume_1.pdf, INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE RESEARCHING SECURITY: APPROACHES, CONCEPTS AND POLICIES, 2015.
- SPECIAL DEFENCE-SECURITY NEEDS AND INTERESTS OF THE EUROPEAN UNION AND INDIVIDUAL DEFENSE-SECURITY NEEDS AND INTERESTS OF ITS MEMBER STATES WITHIN NATO, International Journal Scientific and applicative papers V-4, vol. 4.2014, Postapka-pri-analizirane-na-ispravnosta-na-proizvodite-koi-se-koristat-za-covecka-ishrana.pdf,

**УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, РАБОТИЛНИЦИ И ОБУКИ**

- Меѓународна научна конференција, Балканот меѓу минатото и иднината: Безбедност, решавање на конфликти и евроаталанска интеграција, Охрид, Јуни 2013 година
- Меѓународна конференција, „ARCHIBALD REISS DAYS" Криминалистичко-Полициска Академија Белград, 2017 година
- Меѓународна конференција „IUS & NUMANITUS" Хотел Континентал Скопје, 2018
- Меѓународна конференција, „ARCHIBALD REISS DAYS" Криминалистичко-Полициска Академија Белград, 2019 година

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација за избор на наставник во сите насловни звања, од научната област економска анализа на правото, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Емрах Михтароски е подобен и во целост ги исполнува условите за избор на наставник во насловното звања доцент од научната област економска анализа на правоото, согласно Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ – ФОН Универзитетот. Комисијата, земајќи ги во предвид сите услови кои ги предвидува Законот за високо образование како и интерните акти на АУЕ – ФОН Универзитетот дејност констатира дека д-р Емрах Михтароски во целост ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во насловното звање доцент и тоа:

1. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв, втор и трет циклус за секој циклус посебно;
2. Има научен степен доктор на науки од соодветните области;
3. Има објавено најмалку пет рецензирани научни труда во рефернтната научна публикација согласно Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. Има активно познавање на англиски јазик;
5. Кандидатот има учество на меѓународни и домашни конференции и семинари од овие области постојано го надоградува своето знаење.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за

правни и политички науки при АУЕ-ФОН Универзитетот, кандидатот д-р Емрах Михтароски да се избере за наставник во насловно звање - доцент, од областа на економска анализа на правото.

Скопје,
10. 07. 2026,

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Осман Кадриу - претседател и член, с.р.**

_______________________________

2. **Проф. д-р Темелко Ристески - член, с.р.**

_______________________________

3. **Проф. д-р Сејдефа Џафче – член, с.р.**

_______________________________